# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

## ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ, НА КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 И ДЕЛ ОД КП 1765/1 КО МИСЛЕШЕВО-ВГР, ОПШТИНА СТРУГА

## ВОВЕД

Согласно член 58 став 6 од *Законот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр.32/20), урбанистички проект (УП) може да се изработува и за поединечни градби и инфрастаруктури од државно и локално значење вон населени места за простори за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап.

Во таков случај УП се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот Y13118i од ноември 2018година.

Изработката на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга** е во согласност со член 59 став 6 точка 13 од *Законот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 32/20, како и член 58 став 3 точка 15 од *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20) може да се уредуваат поединечни градби како што се **други градби од локално значење од групите на класи на намени А, Б, В, Г, Д и Е што ги задоволуваат условите за поединечни градби.**

Целта на урбанистичкиот проект е да се овозможат услови за изградба на комплекс градби со намена викенд куќи.

## ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектниот опфат на **Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга** се наоѓа западно од село Мислешево, во близина на градот Струга, и до сега не бил опфатен со урбанистичка документација.

Пристапот ќе се обезбеди од постојниот асфалтиран пат кој се наоѓа на северозападната страна.

Границите на проектниот опфат се:

- На **север** поминува низ мал дел од КП 1765/1 и се движи по границите со КП 1765/111, 1765/110, 1765/109 и 1765/108 КО Мислешево-вгр,
- На **исток** продолжува да се движи по границата со КП 1765/108, ја сече КП 1765/1, продолжува по границата со КП 1765/21, по што скршнува лево и надолу низ КП 1765/1 и продолжува по границата со КП 1765/83 КО Мислешево-вгр,
- На **југ** се движи по делови од границите со КП 1765/14 и КП 2817/1 КО Мислешево-вгр,
- На **запад** поминува низ дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр.

Површината на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува 1,64 Ха (16396,55м$^2$) и е со следните координати на прекршните точки на опфатот:

| | |
|---|---|
| 1. | X=7474637.290 Y=4559957.780 |
| 2. | X=7474609.810 Y=4559959.870 |
| 3. | X=7474584.750 Y=4559961.780 |
| 4. | X=7474559.490 Y=4559963.710 |
| 5. | X=7474523.743 Y=4559966.436 |
| 6. | X=7474490.989 Y=4559871.458 |
| 7. | X=7474497.550 Y=4559859.630 |
| 8. | X=7474503.140 Y=4559842.480 |
| 9. | X=7474512.840 Y=4559825.870 |
| 10. | X=7474568.550 Y=4559819.410 |
| 11. | X=7474567.500 Y=4559811.610 |
| 12. | X=7474567.740 Y=4559801.330 |
| 13. | X=7474589.300 Y=4559797.840 |
| 14. | X=7474593.559 Y=4559866.217 |
| 15. | X=7474626.330 Y=4559862.390 |
| 16. | X=7474630.320 Y=4559926.660 |
| 17. | X=7474630.610 Y=4559930.650 |

## ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Просторот во рамки на проектниот опфат на **Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга,** треба да се разработи градежна парцела со утврден простор определен со градежни линии за изградба на површини за градба на викенд куќи.

Со урбанистичкиот проект, согласно член 77 став 1 од *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20), се планира следната поединечна намена:

**А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување**

Во **Планскиот дел** од урбанистичкиот проект да се даде урбанистичко решение на опфатот со сите потребни урбанистички параметри и партерно решение со хортикултура.

Покрај ова, потребно е решавање и на стационарниот сообраќај. Имајќи ја во предвид предметната поединечна намена, а согласно член 134 од *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20) за класата на намена А4 – ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ потребно е да се обезбеди:

„1 паркинг место на 8 легла".

**Проектниот дел** на урбанистичкиот проект да содржи идеен проект за градбите во проектниот опфат од соодветните технички струки – архитектонска.

## ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА

Потребно е да се предвиди приклучок на објектите на инсталации за водовод, канализација и електрична енергија.

**ИНВЕСТИТОР**
Артур Дани